За нас

ЕВН Македонија е компанија чија главна дејност е дистрибуција на електрична енергија во Македонија. На македонскиот пазар компанијата влезе во 2006 година како дел од групацијата EVN која е активна во 21 држава во Централна, Источна и Југоисточна Европа. Нашата најзначајна цел е сигурно и квалитетно снабдување на корисниците со електрична енергија по конкурентни цени.

## КАРИЕРА ВО ЕВН

За потребите на одделот Фасилити менаџмент и логистика, Група Градежни работи и услуги, бараме:

# ГРАДЕЖЕН ИНЖЕНЕР

**Квалификации:**

→ Високо образование, Градежен инженер - хидро-технички смер,
→ Солидно говорење и пишување на Англиски јазик, Германски јазик ќе се смета за предност,
→ MS Office, CAD electrical software,
→ Возачка дозвола Б категорија,
→ Работно искуство ќе се смета за предност.

**Работни задачи:**

→ Теренска асистенција на операторите во ХЕЦ во случај на дефект – примарно откривање на грешки и дефекти и проценка на штета,
→ Асистенција при подготовка на тендерска документација за Електро и Машински проекти,
→ Асистенција при имплементирање на проекти на терен,
→ Секојдневна асистенција на раководителите на групи (Инженеринг и Оперативно водење),
→ Подготовка на писмени извештаи, табеларни пресметки и презентации,
→ Транспорт на материјали – логистика по ХЕЦ.

**Лични карактеристики:**

→ Високо мотивирана личност со интерес за стекнување знаење во широк опсег на технички категории, за електро-машинска опрема и принципи на функционирање на истата,
→ Способност за извршување на задачи под временски притисок,
→ Флексибилност во однос на работно време (при работа на терен),
→ Дисциплинираност и тимска работа,
→ Подготвеност за извршување на работи во различни временски и теренски услови.

Доколку сте заинтересирани за кариера во ЕВН Македонија, на jobs@evn.mk испратете куса биографија и мотивационо писмо, или потполнете ја електронската апликација на нашата интернет-страница www.evn.mk најдоцна до 16.07.2017.

**Напомена**: Доколку сакате Вашите податоци да бидат зачувани во нашата база на податоци согласно Законот за заштита на лични податоци, покрај биографијата и мотивациското писмо треба да испратите и изјава за дозвола за користење на лични податоци за потребите за вработување (https://www.evn.mk/Careers/OnlineApplication.aspx)

Вашиот успех е и наш успех, бидете дел од тимот на ЕВН Македонија!

ЕВН Македонија, Оддел за човечки ресурси
www.evn.mk, jobs@evn.mk